Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-92/5
19-04-2022 година

Постапувајќи по претставка за спречување и заштита од дискриминација заведена под бр. 08-92/1 од 09.02.2022 година поднесена од [redacted] против Општинско основно училиште „Ѓорги Сугарев" - Битола за заштита од директна дискриминација врз основа на Член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација[1] (ЗСЗД) извршена врз основа на етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) врз основа на Член 21, став 1 точка 14 и Член 27, став 1 од ЗСЗД, на 13.04.2022 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** со која се предизвикува сегрегација врз основа на етничка припадност во областа на образованието произлезена од законските одредби од Законот за основно образование.[2]

## Образложение

На ден 09.02.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна претставка од [redacted] кое работи во интерес за заштита на колективните интереси на Ромите во областа на заштита на правата на еднакво постапување. Во претставката се наведува дека ученици Роми во ООУ „Ѓорги Сугарев" - Битола се сегрегираат во однос на учениците од другите етнички заедници, при реализацијата на нивното уставно загарантирано право на образование. Имено, во претставката се наведува дека станува збор за долготраен проблем и свесно планирана дискриминација врз дел од родителите и ученици од ромска етничка припадност при нивниот упис во учебна година, при што во предметното училиште се распоредуваат во „етнички чисти паралелки". Следствено, [redacted] потенцира дека ова е свесно преземено од страна на училишната администрација, после мноштво упатени барања и притисоци на родители на деца од другите етнички заедници, што укажува на длабоко вкоренети расистички предрасуди како основа за такво постапување.

Пред поднесувањето на претставката, од [redacted] се обратиле со барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до училишната администрација, со цел добивање на податоци каков е соодносот во новоформираните паралелки, односно колку деца Роми има во паралелките кои се формирани во училиштето, при што добиле одговор дека во учебната 2020/2021 година вкупно биле запишани 93 ученици, од кои 13 Македонци и 80 Роми, додека податоците за учебната 2021/2022 година посочуваат дека сите 77 запишани ученици се Роми. Ова како што велат од [redacted] во претставката, е резултат на долгогодишната сегрегирачка практика на училиштето.
Дополнително, од [redacted] потенцираат дека како резултат на ваквата практика, се придонесува кон исклучување на децата Роми од редовното образование, а неретко поради понискиот квалитет на наставата која се следи во овие сегрегирани паралелки, се придонесува и кон намалување на можностите на децата Роми за продолжување со образованието, што соодветно во иднина создава негативно влијание на нивниот општествен и социјален статус.

[1] Службен весник на Р. Северна Македонија бр. 258/20 од 30.10.2020
[2] Службен весник на Р. Северна Македонија бр. 161/2019 од 05.08.2019; 229/2020 од 23.09.2020

Имајќи ги предвид наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7, во врска со член 26 од ЗСЗД, на ден 15.02.2022 година испрати Известување бр.08-92/3 за произнесување кон наводите од претставката до ООУ „Ѓорги Сугарев" – Битола како потенцијален дискриминатор.

На ден 21.02.2022 година, во архивата на Комисија за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор заведен под архивски број 08-92/4 од ООУ „Ѓорги Сугарев" – Битола. Од страна на училиштето посочуваат дека станува збор за проблем со кој се соочуваат подолг временски период и дека досега вложиле напори за решавање на проблемот. Стереотипното размислување кај нашата популација според училиштето, придонесува кон негово етикетирање како „ромско училиште". Поради таквата етикета, но и непочитувањето на правилата за реонизација од страна на соседните училишта, учениците Роми се препраќани да се запишат во ООУ „Ѓорги Сугарев". Исто така, во одговорот на претставката училиштето бара помош од локалната самоуправа, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, за системско и сеопфатно решавање на проблемот и искоренување на стереотипите присутни кај родителите на децата од другите етнички заедници.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги анализираше наводите во претставката, доставениот одговор од страна на ООУ „Ѓорги Сугарев" - Битола и направи аналитички осврт на домашната и меѓународната пракса поврзана со предметниот проблем.

Врз основа на овие фактичката состојба, може да се утврди дека не станува збор за сегрегација извршена од страна на ООУ „Ѓорги Сугарев" – Битола, но останува прашањето на системски проблем кој предизвикува сегрегација во училиштата во целата земја.

Имено, сегрегацијата на учениците настанува врз основа на член 63 од Законот за Основното образование кое овозможува родителите да ги запишуваат своите деца во но и надвор од реонот каде што живеат. Согласно член 63, став 1, родителот, односно старателот има право да го запише детето во основното училиште во реонот во кој живее или каде што постојано престојува. Следствено, став 4 предвидува можност основното училиште да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување или доколку ученикот од другиот реон или општина нема можност за следење на наставата на својот мајчин јазик во својот реон односно општина. Врз основа на ова, родителите имаат право на слободен избор при запишување на учениците надвор од својот реон врз критериумите од став 4 и врз став 3 кој предвидува согласност од училиштето во кое детето се запишува (надвор од реонот) и согласност од училиштето од реонот во кое детето живее или постојано престојува.

Член 4 од Законот за основно образование предвидува начела за оваа проблематика кои опфаќаат најдобар интерес и целосен развој на ученикот, еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност и унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност. Дополнително, Член 5 од истиот закон ја гарантира заштитата од дискриминација и обезбедување на промоција на еднаквост. Во оваа насока, настанувањето на сегрегација која произлегува од Законот за основното образование ги руши овие гарантирани начела и остава негативни последици врз развојот и иднината на учениците во земјата.

Од меѓународните правни акти, Конвенцијата за правата на децата усвоена во 1989 предвидува дека училиштата треба да го почитуваат човечкото достоинство на децата а образованието треба да биде во насока на развивање на карактерот и талентите на децата преку поттикнување децата да ги почитуваат своите родители, својата култура како и другите култури. Во документот на ОЕЦД

„Правичност и квалитет во образованието: поддршка на учениците и училиштата во неповолна положба", меѓу петте клучни и системски препораки спаѓа и препораката да се менаџира изборот на училиштето за да се избегнат сегрегацијата и зголемените нееднаквости.[3]

За овој проблем, особено важен е и предметот Оршуш и други против Хрватска, пресуда бр. 15766/03[4] од Европскиот суд за човекови права, во ист случај каде што во училишта во Хрватска се креирале „етнички чисти" паралелки од ромска етничка припадност, се констатира прекршување на Член 14 од Европската конвенција за човекови права која ја забранува дискриминацијата.

Имајќи го предвид горенаведеното, во државата постои пракса родителите да ги запишуваат децата во училишта подалеку од своите живеалишта за да избегнат нивните деца да учат со деца од ромска етничка припадност. Сегрегацијата е нотирана и во Комуникацијата до Европскиот Парламент, Европскиот Совет, Европската комисија за економски и социјални работи и Европската комисија на регионите, Платформа на Европската Унија за национални стратегии за интеграција на Ромите до 2020 година[5] во која Европската комисија им укажува на земјите-членки дека мора да обезбедат пристап на децата Роми до квалитетно образование како и да ја искоренат сегрегацијата и дискриминацијата во училиштата.

Народниот правобранител во своите извештаи од 2010, 2011 и 2012 година го нотира постоењето на проблемот со сегрегацијата во земјата и истакнува потреба за преземање мерки и промотивни политики во однос на Ромите и ромските деца кои се цел на интензивно негативно стереотипизирање и социјално дистанцирање од останатите деца. Во извештајот за 2014 година, Народниот правобранител утврдува дека одлуката за реонизација при упис на првачињата не се почитува еднакво во сите основни училишта и отсуствува поголема ажурност од надлежните органи на локалната самоуправа за спречување и за надминување на сегрегацијата во училиштата на нивната територија.

Согласно ЗСЗД, сегрегацијата како облик на дискриминација, во Член 12 се дефинира како:

*„физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел"*.

Од дефиницијата и општествениот проблем опишан погоре, се потврдува дека родителите немаат легитимна и објективно оправдана цел да ги запишуваат своите деца надвор од реоните каде што живеат. Етничкиот состав на деца во различни училишта ширум земјата укажува на фактот дека не станува збор за индивидуални случаи кај родителите туку свесно одделување на своите деца од деца кои се од ромска етничка припадност (со бројот на запишани деца во прво и тоа што сите се Роми, потврди го ова). Ваквиот контекст може да остави далекусежни последици не само врз децата од ромска етничка припадност туку и од не-ромска бидејќи немањето можност и прилика деца со различни културни и етнички позадини да се интегрираат и да учат еден за друг, во иднина може да доведе и до нетрпеливост и дискриминација од страна на „посилната односно побројната" група.

Врз основа на фактичката состојба, домашната и меѓународната регулатива, судската пракса на ЕСЧП и направените анализи на релевантните институции и организации во Република Северна

[3] OECD (2012), Equity and Quality in Education: Supporting Disadvantaged Students and Schools, OECD Publishing
[4] https://www.refworld.org/pdfid/4ba208fc2.pdf
[5] COM (2011) 173 final

Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следнава

**ПРЕПОРАКА**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација препорачува на надлежниот орган на локалната самоуправа – Општина Битола, да преземе активности за доследно почитување на актите за реонизација во нивната општина, што за цел би имало десегрегација на децата Роми. Дополнително, потребно е зголемување на педагошките асистенти во училиштата што ќе доведе до поголема социјализација и почит помеѓу децата, поголема соработка помеѓу општинската власт и граѓанските организации во однос на сензибилизација на не-ромските родители и наоѓање начини за поинтензивно учење на македонскиот јазик кај ромските деца што ќе доведе до нивна побрза интеграција.

Во поглед на законското решение во однос на Законот за основното образование, директорите на училиштата во реонот каде што живее детето и директорите на училиштата кои вршат упис на дете кое не спаѓа во нивниот реон, треба да ја користат можноста да не потпишуваат согласност за преземање на дете кое би завршило да учи во училиште кое живее надвор од својот реон. Дополнително, за да се избегне човечкиот фактор на индивидуално одлучување, потребно е Министерството за образование и наука да определи построги критериуми за упис на дете во друг реон со што би се намалил одливот на деца во други училишта што би придонело до намалување на сегрегацијата.

На Државниот просветен инспекторат – Битола, му се препорачува да врши контрола над процесот на запишување на учениците во образовните установи и начинот на опфат на учениците согласно реонизацијата на основните училишта основани од општините и Град Скопје согласно член 28 и 29 од Законот за просветна инспекција.

Препораката треба да биде извршена **најдоцна во рок од 6 месеци од денот на приемот на ова мислење** и за исполнувањето да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата го следи и извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена препораката не постапат по препораката, Комисијата согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Скопје
19.04.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

1. [redacted]
2. ООУ „Ѓорги Сугарев" – Битола, ул. „Димитар Влахов", бр. 32, 7000 Битола